МАПАС

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување




# Најчесто поставувани прашања од II и III столб на пензискиот систем

Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување

# Најчесто поставувани прашања од II и III столб на пензискиот систем

Скопје, декември 2022

# Содржина

1. Што е пензиски столб? ........ 8

2. Што е прв столб? ........ 8

3. Што е втор столб? ........ 8

4. Што е трет столб? ........ 9

5. Каков е пензискиот систем во Република Северна Македонија? ........ 9

6. Што е МАПАС? ........ 10

7. Дали моите средства во вториот столб се сигурни? ........ 10

8. Кога можам да ги користам средствата од втор столб? ........ 10

9. Што се случува со средства од мојата пензиска заштеда од втор столб доколку не остварам право на старосна пензија? ........ 11

10. Дали средства од вториот столб можат да бидат предмет на извршување од страна на извршител?. ........ 11

11. Кој ја врши функцијата чувар на имот на пензиски фондови? ........ 11

12. Имам 25 години и вработен сум после 1.1.2019 г. Како да се вклучам во вториот столб? ........ 12

13. Што е тоа пензиско друштво? ........ 12

14. Колку пензиски друштва постојат во Северна Македонија? ........ 13

15. Што е тоа пензиски фонд? ........ 13

16. Што е разликата помеѓу задолжителен пензиски фонд и доброволен пензиски фонд? ........ 14

**17.** Како се дели придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за осигуреници кои се членови на втор столб? ........................................ 14

**18.** Што се случува со придонесот кој ми се одвојува за втор столб? ........... 14

**19.** Во кои финансиски инструменти друштвото ги инвестира моите пари?..15

**20.** Од што ќе зависи висината на мојата пензија,ако сум член во прв и втор столб?.............................................................................................. 15

**21.** Како мојата заштеда од втор столб ќе се претвори во пензија кога ќе се пензионирам? ............................................................................. 16

**22.** Добив известување за времена распределба во задолжителен пензиски фонд. Што значи ова известување? ........................................... 16

**23.** Што се случува со моите придонеси додека изберам пензиски фонд? ..... 17

**24.** Не знам дали сум член во задолжителен пензиски фонд (втор столб)? Каде да се обратам? ........................................................................ 17

**25.** Што е агент на пензиско друштво? .................................................. 18

**26.** Пред 5 дена потпишав договор за членство во задолжителен пензиски фонд. Дали можам да го раскинам договорот? ........................ 18

**27.** Што ако не сум задоволен од управувањето со средствата на мојата сметка во моето пензиско друштво и како можам да се префрлам во друг задолжителен пензиски фонд? .................................................. 19

**28.** Што треба да направам за да ја поништам регистрација на членство во втор столб, поради повеќе години стаж, односно распределба во втор столб заснована врз неточни податоци? ................................................ 19

**29.** Што значи извештајот за пензиска заштеда што го добив во зелен плик?..... 20

**30.** Ја сменив адресата на живеење. Каде и како да ја пријавам оваа промена за да добијам извештај за пензиска заштеда? ........................................ 20

**31.** Како можам да проверам колку средства имам на мојата индивидуална сметка? ........ 21

**32.** Дали ќе го изгубам правото на членување во втор столб ако го изгубам моето работно место и што ќе се случи со моите средства? ........ 21

**33.** Дали средствата од втор столб се наследуваат и која е постапката за да ми бидат исплатени средствата како наследник од втор столб? ...... 22

**34.** Дали јас како член на втор столб имам право на користење на средствата од втор столб доколку остварам право на инвалидска пензија од прв столб? ........ 23

**35.** Дали јас како член на семејството на починат член во втор столб, кој има право на семејна пензија од прв столб, имам право на користење на средства од втор столб? ........ 24

**36.** Дали јас можам да одлучам каде да се инвестираат средствата од уплатениот придонес? ........ 24

**37.** Што е сметководствена единица? ........ 25

**38.** Што се нето средства на пензиски фонд? ........ 25

**39.** Кои надоместоци ги наплаќа пензиското друштво од членовите? ......... 26

**40.** Кој може да биде член во трет столб? ........ 26

**41.** Дали мора секој месец да уплаќам средства во доброволниот пензиски фонд? ........ 26

**42.** Кога може да ги користам средствата од трет столб? ........ 27

**43.** Дали средствата од трет столб се наследуваат? ........ 27

**44.** Дали јас, како работодавач кој организира професионална пензиска шема во трет столб сум ослободен од персонален данок? ........ 27

**45.** Дали може истовремено да бидам член во втор и трет столб? ............... 28

**46.** Што е разликата меѓу доброволна индивидуална и професионална сметка во трет столб? ............... 28

**47.** Дали истовремено член може да има една индивидуална сметка и една професионална сметка во трет столб? ............... 28

**48.** Дали трето лице може да уплаќа средства на мојата доброволна индивидуална сметка? ............... 28

**49.** Јас сум осигуреник на прв столб. Дали може да станам член во трет столб? ............... 30

**50.** Јас сум учесник во пензиска шема во мојата фирма. Што ќе се случи со моите уплатени средства во пензиската шема доколку ја променам фирмата? ............... 30

## 1 *Што е пензиски столб?*

Пензиски столб е термин кој се користи за означување на составен дел на пензиски систем. Секој пензиски столб се разликува по начинот на собирање на придонесите во пензиските фондови, начинот на пресметка и исплата на пензиите.

## 2 *Што е прв столб?*

Прв столб значи дека од придонесите на сегашните вработени се исплаќаат пензиите на сегашните пензионери (осигурување врз основа на генерациска солидарност (pay-as-you-go)). Освен старосна пензија, од овој столб се исплаќа и инвалидска и семејна пензија, како и најнизок износ на пензија.

## 3 *Што е втор столб?*

Втор столб е задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, што значи дека дел од вкупно уплатениот придонес за пензиско осигурување се уплаќа во приватниот пензиски фонд, каде што осигуреникот е член. Средствата понатаму се инвестираат и се акумулираат на неговата индивидуална сметка во пензискиот фонд. Од тие средства, кога осигуреникот ќе оствари право на старосна пензија, ќе му се исплаќа пензија од втор столб, покрај пензијата од прв столб.

## 4 Што е трет столб?

Трет столб е доброволно капитално финансирано пензиско осигурување, што значи дека можете да штедите за дополнителен приход за пензиски денови, со уплаќање на средства на Ваша индивидуална сметка во доброволен пензиски фонд кои понатаму се инвестираат и се акумулираат.

Освен како индивидулно лице, може да бидете вклучен и во професионална пензиска шема организирана од Вашиот работодавач, кој ќе Ви уплаќа средства во третиот столб.

## 5 Каков е пензискиот систем во Република Северна Македонија?

Македонскиот пензиски систем е составен од прв, втор и трет столб, што значи дека постои можност пензијата на идните пензионери да се обезбедува од три извори: од државниот пензиски фонд- Фондот на ПИОСМ (прв столб) и од приватните пензиски фондови (втор и трет столб).



## 6 Што е МАПАС?

Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) е основана со цел да ги штити интересите на членовите на пензиските фондови. МАПАС е државна институција, која врши супервизија на пензиските друштва и пензиските фондови и го регулира нивното работење.

## 7 Дали моите средства во вториот столб се сигурни?

Постојат строги правила за инвестирање на средствата на пензиските фондови, утврдени со закон, со кои се обезбедува распределба на средствата со која се заштитуваат од евентуален пад на нивната вредност. МАПАС ја супервизира работата на друштвата на дневна основа со цел да се осигура дека друштвата ги следат тие правила. Вашите средства како дел од пензискиот фонд се целосно одвоени од средствата на пензиското дрштво, се чуваат кај банката - чувар на имот и се наменети за исплата на пензија.

## 8 Кога можам да ги користам средствата од втор столб?

Кога ќе остварите право на старосна пензија односно 64 години возраст за мажи и 62 години возраст за жени и минимум 15 години работен стаж.

## 9 Што се случува со средствата од мојата пензиска заштеда од втор столб доколку не остварам право на старосна пензија?

Доколку не остварите право на старосна пензија поради тоа што немате пензиски стаж најмалку 15 години, средствата од втор столб можете да ги користите по наполнување на 65 години возраст.

## 10 Дали средства од вториот столб можат да бидат предмет на извршување од страна на извршител?

Над средствата на член на задолжителен пензиски фонд не може да се спроведе извршување, ниту може тие средства да се користат во постапка на порамнување или стечај.

## 11 Кој ја врши функцијата на чувар на имот на пензиски фондови?

Функцијата – чувар на имот, и за задолжителните и за доброволните пензиски фондови, ја вршат деловни банки кои ги исполнуваат законските услови и со кои друштвото има склучено договори за чување на имотот на пензиските фондови.



## 12 Имам 25 години и вработен сум после 1.1.2019 г. Како да се вклучам во вториот столб?

Сите лица кои се за прв пат вработени по 1.1.2019 г. и на датумот на пристапување во задолжително пензиско и инвалидско осигурување се помлади од 40 години возраст, задолжително стануваат членови на вториот столб. Вие имате можност по свој избор да си одберете со кое пензиско друштво ќе склучите договор за членство, во рок од три месеци од Вашето прво вработување. Договорот треба да го склучите преку агент на друштвото, кој е должен да Ви ги објасни вашите права и обврски. Доколку не склучите договор во дадениот рок, по модел на случаен избор ќе бидете распределени во еден од постојните задолжителни пензиски фондови.




## 13 Што е тоа пензиско друштво?

Акционерско друштво кое управува со пензиски фондови, а основано по претходно добиена дозвола од страна на МАПАС.



## 14 Колку пензиски друштва постојат во Северна Македонија?

Постојат три друштва за управување со задолжителни и доброволни пензиски фондови и едно друштво за управување со доброволни пензиски фондови и тоа:

**Сава пензиско друштво АД Скопје**
веб страница: www.sava-penzisko.mk
адреса: ул. Мајка Тереза бр. 1, Скопје
телефон: 02/5100 297

**КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**
веб страница: www.kbprvo.com.mk
ад реса: ул. Митрополит Теодосиј Гологанов бр. 6, Скопје
телефон: 02/3243 777

**ТРИГЛАВ пензиско друштво АД Скопје** веб страница: www.triglavpenzisko.mk
адреса: бул. 8-ми Септември бр.16, Скопје
телефон: 02/5102 190

**ВФП пензиско друштво АД Скопје**
веб страница: www.wvppenzisko.mk
адреса: ул. Васил Главинов бр. 14-1/16, 1000 Скопје
телефон: 02/3280 082

## 15 Што е тоа пензиски фонд?

Пензискиот фонд го сочинуваат уплатите на придонесите од осигурениците (идните пензионери), кои се инвестираат со цел нивно оплодување (зголемување). Тие средства се чуваат на посебна сметка во банка, чувар на имот, која е одговорна за чување на средствата на пензискиот фонд.



## 16 Што е разликата помеѓу задолжителен пензиски фонд и доброволен пензиски фонд?

Начинот на функционирање е ист – се уплаќаат средства од осигурениците и се инвестираат. Разликата е во тоа што предуслов за членување во задолжителниот пензиски фонд е лицето да биде вработено, а членството во доброволен пензиски фонд не е условено со вработување односно во доброволен пензиски фонд може да членува лице на возраст од 15 до 70 години.

## 17 Како се дели придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за осигуреници кои се членови на втор столб?

Висината на придонесот, што се пренесува во задолжителниот пензиски фонд, изнесува 6% од бруто плата, а во Фондот на ПИОСМ останува придонес во висина од 12,8% од бруто плата која се добива како разлика меѓу вкупниот придонес за пензиско и инвалидско осигурување и придонесот уплатен во втор столб (18,8% - 6% = 12,8%).

## 18 Што се случува со придонесот кој ми се одвојува за втор столб?

Тие средства се уплатуваат на Вашата лична – индивидуална сметка во Вашиот задолжителен пензиски фонд, кои потоа се вложуваат во финансиски инструменти со цел зголемување на средствата кои ќе се користат за пензија.

## 19 Во кои финансиски инструменти друштвото ги инвестира моите пари?

Вашето друштво средствата на пензиските фондови ги инвестира најчесто во: депозити во банки, акции од домашни издавачи, обврзници од домашни издавачи, краткорочни хартии од домашни издавачи, акции од странски издавачи, инвестициски фондови од странски издавачи, итн.



## 20 Од што ќе зависи висината на мојата пензија, ако сум член во прв и втор столб?

Вие ќе добивате пензија од два извора: од првиот столб и од вториот столб. Висината на Вашата пензија од прв столб ќе зависи од должината на Вашиот работен стаж, висината на платата и полот. Висината на Вашата пензија од вториот столб ќе зависи од висината на Вашите средства на Вашата индивидуална сметка во задолжителниот пензиски фонд.

## 21 Како мојата заштеда од втор столб ќе се претвори во пензија кога ќе се пензионирам?

По пензионирањето, Вашата заштеда ќе можете да ја користите преку еден од следните видови на исплати:

- доживотен непосреден ануитет;
- програмирани повлекувања;
- привремени програмирани повлекувања во комбинација со доживотен одложен ануитет.




## 22 Добив известување за времена распределба во задолжителен пензиски фонд. Што значи ова известување?

Известувањето значи дека Вие, веднаш по Вашето прво вработување, времено сте распределени во задолжителен пензиски фонд, односно по автоматизам станувате времено распределен член и имате рок од три месеци да склучите договор за членство со пензиско друштво кое е по Ваш избор. Во спротивно, Вие ќе станете трајно распределен член во задолжителниот пензиски фонд каде сте биле и времено распределени.

## 23 Што се случува со моите придонеси додека изберам пензиски фонд?

Вашите придонеси се чуваат на посебна индивидуална потсметка во задолжителниот пензиски фонд во кој сте времено распределени се додека не склучите договор за членство или станете трајно распределен член.



## 24 Не знам дали сум член во задолжителен пензиски фонд (втор столб)? Каде да се обратам?

Обратете се во **МАПАС - Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**:

МАПАС

Веб страница: **Провери во кој задолжителен пензиски фонд си член!**

Стив Наумов бр. 100, Скопје телефон: 02/3224-229



## 25 Што е агент на пензиско друштво?

Агент на пензиско друштво е лице кое има положено испит за агент и врши работи на маркетинг на пензиски фондови. Агентот може да биде вработено или договорно ангажирно лице од страна на пензиското друштво.

Пензиските друштва вршат работи на маркетинг преку агенти со кои може да склучите договор за членство во задолжителен или доброволен пензиски фонд, потоа договор за премин, договор за програмирани повлекувања, договор за еднократна исплата или договор за повеќекратни исплати.



## 26 Пред 5 дена потпишав договор за членство во задолжителен пензиски фонд. Дали можам да го раскинам договорот?

Доколку склучите договор за членство во задолжителен пензиски фонд и дотогаш не сте биле член на ниту еден задолжителен пензиски фонд, имате право на еднострано раскинување на договорот по писмен пат со поднесок за раскинување на договорот доставен до друштвото во рок од осум работни дена од датумот на склучување на договорот за членство.

## 27 Што ако не сум задоволен од управувањето со средствата на мојата сметка во моето пензиско друштво и како можам да се префрлам во друг задолжителен пензиски фонд?

Можете да преминете во друг задолжителен пензиски фонд кој го управува друго пензиско друштво. Треба да потпишете договор за премин со новото друштво и изјава за согласност за премин (која можете да ја преземете од веб страницата на друштвото). Притоа, доколку сте член помалку од две години потребно е да платите и надоместок од 15 евра, а ако сте член повеќе од две години преминот е бесплатен.



## 28 Што треба да направам за да ја поништам регистрација на членство во втор столб, поради повеќе години стаж, односно распределба во втор столб заснована врз неточни податоци?

Доставете Барање за поништување на регистрација во втор столб до МАПАС заради распределба заснована на неточни податоци.

## 29 Што значи Извештајот за пензиска заштеда што го добив во зелен плик?

Извештајот, кој пензиските друштва Ви го доставуваат еднаш годишно, содржи информација за износот на средствата кои што ги имате на Вашата индивидуална сметка во пензискиот фонд.




## 30 Ја сменив адресата на живеење. Каде и како да ја пријавам оваа промена за да добијам Извештај за пензиска заштеда?

Доколку имате промена во Вашите лични податоци потребно е да се обратите во пензиското друштво кое управува со пензискиот фонд во кој членувате за да Ви се ажурираат податоците, по електронски пат или со доставување на барање до Вашето пензиско друштво. Податоците кои се однесуваат на адреса може да ги ажурирате и со телефонско јавување во Вашето пензиско друштво.



## 31 Како можам да проверам колку средства имам на мојата индивидуална сметка?



Состојбата можете да ја проверите во секое време, електронски, на веб страницата на Вашето пензиско друштво со Вашето корисничко име и пин доделени од страна на пензиското друштво.

## 32 Дали ќе го изгубам правото на членување во втор столб ако го изгубам моето работно место и што ќе се случи со моите средства?

Доколку останете без работа Вие не го губите правото на членство во втор столб, Вашите средства и понатаму се инвестираат и при повторно вработување уплатата на придонеси продолжува на истата индивидуална сметка во пензискот фонд каде и претходно сте биле член.



## 33 Дали средствата од втор столб се наследуваат и која е постапката за да ми бидат исплатени средствата како наследник од втор столб?

Да, средствата се предмет на наследување. На нотар се прави оставинска постапка за средствата кои што починатиот член ги има на неговата индивидуална сметка во пензискиот фонд.

Потоа го контактирате друштвото каде што починатиот бил член, за да добиете информација за постапката за наследување на средствата од неговата индивидуалната сметка и документацијата која треба да се достави. Пензиското друштво го доставува известувањето за исплата на наследник до МАПАС. МАПАС откако ќе добие потврда од Фондот на ПИОСМ дека нема поднесено барање до Фондот на ПИОСМ за остварување на семејна пензија на член на семејството на починатото лице, го известува друштвото дека може да ги исплати средствата на наследникот.





## 34 Дали јас како член на втор столб имам право на користење на средствата од втор столб доколку остварам право на инвалидска пензија од прв столб?

Да, вкупниот износ на средствата на Вашата сметка, од друштвото се пренесува во Фондот на ПИОСМ и исплатата на инвалидската пензија се врши од Фондот на ПИОСМ.

Доколку средствата се доволно големи за да Ви обезбедат пензија поголема или еднаква на инвалидската пензија од Фондот на ПИОСМ, можете да изберете да добиете инвалидска пензија само од вториот столб.

По исклучок, доколку сте стекнале право на времена инвалидска пензија, времената инвалидска пензија ја исплаќа Фондот на ПИОСМ, а средствата од Вашата индивидуална сметка остануваат во задолжителниот пензиски фонд се додека не остварите право на старосна, инвалидска или семејна пензија.

## 35 Дали јас како член на семејството на починат член во втор столб, кој има право на семејна пензија од прв столб, имам право на користење на средства од втор столб?

Да, износ на средствата на индивидуалната сметка на починатиот член, од друштвото се пренесува во Фондот на ПИОСМ и исплатата на семејната пензија ќе се врши од Фондот на ПИОСМ.

Доколку средствата се доволно големи да ви обезбедат пензија поголема или еднаква од семејната пензија од Фондот на ПИОСМ можете да добиете семејна пензија само од вториот столб.

Средствата од втор столб може да ги подигнете и еднократно од индивидуалната сметка на починатиот член како наследство, но во тој случај не се исплатува семејна пензија.

## 36 Дали јас можам да одлучам каде да се инвестираат средствата од уплатениот придонес?

Не, пензиското друштво е должно да управува со средствата на пензиските фондови што го вклучува и инвестирањето на средствата на пензискиот фонд.

## 37 Што е сметководствена единица?

Сметководствена единица е начин на изразување на средствата на пензискиот фонд.

Пример: Доколку Вие, како член на пензиски фонд, уплатите 5.000 денари придонес, а вредноста на една единица е 100 денари, тоа значи дека Вие имате 50 сметководствени единици **(=5.000 денари/100 денари)**.

Доколку вредноста на сметководствената единица наредниот ден изнесува 105 денари, тоа значи дека се зголемила вредноста на Вашите средства односно имате 5.250 денари (=50*105 денари).




## 38 Што се нето средства на пензиски фонд?

Тоа е вкупната проценета вредност на сите вложени инструменти, побарувања и парични средства, намалени за обврските на пензискиот фонд.

## 39 Кои надоместоци ги наплаќа пензиското друштво од членовите?

Надоместок од придонеси, надоместок од средства и надоместок за премин, кои се наплаќаат заради извршување на основните функции на пензиското друштво.

## 40 Кој може да биде член во трет столб?

Лице кое навршило 15 години, но не повеќе од 70 години. Пензионер не може да биде член во трет столб.

## 41 Дали мора секој месец да уплаќам средства во доброволниот пензиски фонд?

Не, можете слободно да ја одредите висината на уплатениот износ и динамиката на уплатата. Прекинот на уплатата, не значи прекин на членството.



## 42 Кога може да ги користам средствата од трет столб?

Десет години пред возраста за стекнување право на старосна пензија што во моментов би значело најрано на возраст од 54 години за мажи, односно 52 години за жени. Во случај кога кај членот е утврдена општа неспособност за работа, средствата можат да се повлечат без оглед на возраста.

## 43 Дали средствата од трет столб се наследуваат?

Да, во тој случај на нотар се прави оставинска постапка за средствата кои што починатиот член ги има на неговата сметка во пензискиот фонд. Потоа се контактира друштвото за постапката за наследување на средствата од сметката на починатиот член.

## 44 Дали јас, како работодавач кој организира професионална пензиска шема во трет столб сум ослободен од персонален данок?

Да, на доброволните придонеси уплатени за Вашите вработени не се пресметува и плаќа персонален данок на доход.



## 45 Дали може истовремено да бидам член во втор и трет столб?

Да, можете, бидејќи членството во трет столб е на доброволна основа и не зависи од членството во втор столб.

## 46 Што е разликата меѓу доброволна индивидуална и професионална сметка во трет столб?

Доброволна индивидуална сметка се отвора на лице кое самостојно сака да си уплаќа средства во трет столб. Професионална сметка се отвора на лице кој е учесник во професионална пензиска шема организирана од неговиот работодавач.

## 47 Дали истовремено член може да има една индивидуална сметка и една професионална сметка во трет столб?

Да, овие сметки можат да бидат во ист или во различен доброволен пензиски фонд.

## 48 Дали трето лице може да уплаќа средства на мојата доброволна индивидуална сметка?

Да, уплати може да врши и трето лице т.е. уплаќач, врз основа на склучен договор за членство помеѓу друштвото, членот и уплаќачот. Уплатата се врши од трансакциската сметка на уплаќачот.

## 49 Јас сум осигуреник на прв столб. Дали може да станам член во трет столб?

Да, сите осигуреници на првиот столб кои сакаат да остварат дополнителен приход за пензиски денови, имаат можност да станат членови во трет столб.




## 50 Јас сум учесник во пензиска шема на мојата фирма. Што ќе се случи со моите уплатени средства во пензиската шема доколку ја променам фирмата?

Доколку во новата фирма веќе има организирано пензиска шема од страна на работодавачот и Вие бидете вклучени во неа, средствата ќе Ви бидат префрелни во новата пензиска шема. Во случај новата фирма да нема организирано пензиска шема друштвото по 90 дена ќе ги префрли Вашите средства на Ваша индивидуална доброволна сметка.

## Институции кои се вклучени во пензискиот систем

• Министерство за труд и социјална политика - **МТСП**

• Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување - **МАПАС**

• Пензиски друштва:
  Сава пензиско друштво а.д. Скопје
  КБ Прво пензиско друштво АД Скопје
  ТРИГЛАВ ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД Скопје
  ВФП ПЕНЗИСКО ДРУШТВО АД СКОПЈЕ



• Чувари на средствата на пензиските фондови:
  НЛБ Банка АД Скопје
  Шпаркасе Македонија АД Скопје
  Комерцијална Банка АД Скопје

• Управа за јавни приходи - **УЈП**

• Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија - **Фондот на ПИОСМ**

## Закони кои го регулираат втор и трет столб

•Закон за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување

•Закон за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување

• Закон за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ**

Стив Наумов бр. 100, 1000 Скопје
телефон: (02) 3224 229
facebook/MAPAS.MK
instagram/MAPAS.MK
linkedin/MAPASMK
www.mapas.mk